# PARTICIPATION OF SPORTS – ANIMATIVE CONTENTS IN THE STRUCTURE OF THE LEISURE TIME TO THE STUDENT - TOURIST

**Liza Pantekovska**
FON University, Faculty for Sports Management – Skopje, R. Macedonia,
liza.chakareska@fon.edu.mk
**Dalibor Dimkovski**
High School "Goce Delchev" – Kumanovo, R. Macedonia, dimkovskid@yahoo.com
**Tanja Kitanovska Stojkovska**
FON University, Faculty for Sports Management – Skopje, R. Macedonia
tanja.kitanovska@fon.edu.mk

**Abstract:** Leisure time as post-industrial benefit is a subject of a broad interest because of its structure that greatly determinates the overall social climate and vice versa. This social task along with the need of the students/children/youth for physical activity, play and entertainment is delegated to the educational institutions that through the implementation and application of extracurricular sports and tourism activities are dedicated to direct the use of free time in theoretical and practical sense. On a sample of 90 respondents – students from all 4 yeas from secondary school "Goce Delcev" in Kumanovo with different socio-demographic characteristics, a questionnaire of mixed type was distributed in order to determine the participation of the student the in sportive animation contents in student's free time as tourist. The determination of the content of the leisure time has been imposed as additional goal, as well as the engagement in the extracurricular activities as a form of leisure organization. The processing of the data while using univariate statistical methods has resulted in conclusions that indicate that the stereotype of student's behavior regarding the way of using leisure time does not differ much from their peers in the nearby environment and beyond. Non-kinesiological activities with respect to the frequency of practicing are more prevalent in relational to kinesiological activities, although the data on the frequency of physical activity and the intention of its further involvement, along with the rank with regard to the all tested variables of leisure time indicate that they have a tendency to grow into significant style of behavior in everyday life. Sport and sports activities professors play a key role in student tourist in their participation in the sports and animation, in its creation thru variable educational-applicative content, intervening in the creation of products in the field of sports tourism that have already been detected as the primary potential for its development on the territory of Republic of Macedonia.
**Key words:** sport animation, leisure, student, tourism

# ПАРТИЦИПАЦИЈАТА НА СПОРТСКО – АНИМАТИВНИТЕ СОДРЖИНИ ВО СТРУКТУРАТА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ КАЈ УЧЕНИКОТ – ТУРИСТ

**Лиза Пантековска**
ФОН Универзитет, Факултет за спортски менаџмент – Скопје, Р. Македонија
liza.chakareska@fon.edu.mk
**Далибор Димковски**
Гимназија „Гоце Делчев„ – Куманово, Р. Македонија
dimkovskid@yahoo.com
**Тања Китановска – Стојковска**
ФОН Универзитет, Факултет за спортски менаџмент – Скопје, Р. Македонија
tanja.kitanovska@fon.edu.mk

**Резиме:** Слободното време како постиндустриска придобивка е широк предмет на интерес од причина што неговата структура во многу ја детерминира вкупната општествена клима и обратно. Ваквата општествена задача заедно со потребата на учениците/ децата/младите за физичка активност, игра и забава се делегира на воспитно – образовните институции кои преку имплементација и апликација на вонnаставните и вонучилишните спортско - туристички активности имаат за задача во теоретска и практична смисла да го насочи користењето на слободното време. На примерок од 90 испитаници – ученици од од сите 4 училишни години од средното гимназиско образование „Гоце Делчев" во

Куманово со различни социодемографски карактеристики дистрибуиран е прашалник од мешан тип со цел да се да се утврди партиципацијата на спортско анимативните содржини во слободното време на ученикот – турист. Како дополнителна цел се наметнува утврдување на содржината на слободното време, како и ангажманот во воннаставните активности како форма на организација на слободното време. Со обработката на податоците преку примена на униваријантни статистички методи добиени се заклучните сознанија кои упатуваат на тоа дека стереотипот на однесување на учениците во поглед на начинот на користење на слободното време не се разликува многу од нивните врсници во опкружувањето и пошироко. Некинезиолошките активности во поглед на честотата на практикување се позастапени во однос на кинезиолошките, иако податокот за фреквенција на праткикување на физичка активност и интенцијата на негова понатамошна вклученост заедно со рангот во однос на сите испитувани варијабли на слободното време говори дека истите имаат тренд да прераснат во значаен стил на однесување во секојдневието. Професорите по спорт и спортски активности имаат клучна улога во партиципацијта на спортско-анимативните содржини кај ученикот турист во креирањето на неговото слободно време, преку едукативно–апликативни содржини интервенирајќи на тој начин и во создавањето на производи во доменот на спортскиот туризам кои се веќе детектирани како примарен потенцијал за негов развој на територијата на Република Македонија.
**Клучни зборови:** спортска анимација, слободно време, ученик, туризам,

## 1. ВОВЕД

Слободното време како постиндустриска придобивка е широк предмет на интерес од причина што неговата структура во многу ја детерминира вкупната општествена клима и обратно. Ваквиот предмет на интерес посебно ја третира младата популација имајќи предвид дека неговиот квалитет и содржинска исполнетост може да биде од корист или да биде закана по развојот на личноста на поединецот, а оттаму и врз оптшесвото во целост (Mlinarevic., Gajger, 2010).

Прегледот на литературата, посочува дека поимот на слободното време е многузначен и неопределен (Plijakič, 2013). и секоја општетсвена наука при обидот да го дефинира ја согледува нејзината позиција на интерес. Слободното време претставува „ вид на егизстенција која човекот самојстојно ја одбира со цел да го оствари процесот на самореализација“ (Božovič, 2008 цит. п Badrič и cop. 2015). Андерсон (Anderson) и Хурд (Hurd) (2011), даваат димензија на субјективност дефинирајќи го слободното време како психолошка состојба, во која доминира перцепцијата за времето, слободата на активноста, мотивацијата како фактори на детерминација дали времето влегува во категорија на слободно или не . Од воспитно – образовно аспект, (Previšič 2000) слободното време се дефинира „како време на активен одмор, забава, позитивен развој, социјализација, хуманизација и креативна потврда на личноста“. Сепак, поголемиот број на автори смета дека улогата на слободното време е трозначна, односно дека неговата улога е одмор, забава и рзавој на поединецот како личност (Ilišin, 1999, цитирано по Orbanič – Vidulin, 2008).

Спортот и спортските активности имаат свое влијание врз сите димензионалности на поединецот: антропометриска, функционална, моторичка, когнитивна и конативна. Бројни истражувања го потврдуваат претходно наведеното, акцентирајќи ја димензијата на социјализација преку овие активности кај младите (Pomohaci., Soba, 2016). Од таа причина, наведува Татар ( Tatar, 2014) „предизвик е да се пронајде содржина која ќе ги мотивира своето слободно време да го користат во физичка активност“. Кон ова се надоврзува и констатцијата дека „ квалитетот на воспитанието, развојот и образованието на секој поединец е во тесна врска со начинот на кој тие го поминуваат своето слободно време, и во тој контекст спортските активности можат да бидат вистински извори на здравје и енергија за идните активности."( Bichescua, 2014). Ваквата општествена задача заедно со потребата на учениците/ децата/младите за физичка активност, игра и забава се делегира на воспитно – образовните институции кои преку имплементација и апликација на воннаставните и вонучилишните спортски и рекреативни активности имаат за задача во теоретска и практична смисла да го насочи користењето на слободното време ( Previšić, 2000., цит. по Tatar, 2014., Kermeci, 2011).

Хронологијата на структурата на слободното време посочува дека разлики постојат со динамиката на технолошкиот развој. Од една страна, расте седентарниот начин на користење на слободното време кај младите преку електронски уреди – мобилен телефон, телевизор и компјутер, а од друга страна како против тежа се јавува свесноста во борбата со хипокинезијата преку физичката активност. Определувајќи ја структурата на слободното време кај средношколците преку дефинирање на стилови на однесување Млинаревиќ (Mlinarevič, 2004) го детектира спортско – рекреативниот стил на однесување при факторската структура на иницијалниот координатен систем на варијабли на слободното време. Максиќ и Тењовиќ (Maksič i Tenjovič, 2008) констатираат дека младите своето слободно време го

поминуваат на спортските терени, паркови, но и кафулиња. Она што е сигнификантно е независно од возраста (основно образование, средно образование или високо образование), како и независно од полот и животната средина (урбана или рурална) тенденцијата на однесување во поглед на некинезиолошки и конезиолошки активности е речиси иста. Доминираат некинезиолошките активности кај сите нив. (Badrič I sur., 2011, Badrič I sur., 2015, Beroš, 2017). Врз основа на тоа, улогата и значењето на наставниот кадар како фактор на мотивација при начинот на изборот на активностите на слободното време е секогаш вредно да се апострофира.

Туризмот е појава која своите почетоци и своето траење го врзува со слободното време. Впрочем многу теоретичари го поврзуваат туризмот како класичен облик на слободното време (Jagič,2005). Истиот автор наведува дека вкупното слободно време на децата и младите е важен фактор на туризмот, уште повеќе што учениците и студентите преку облиците на вонучилишно и вон наставно организирање почесто го користат тоа време во туристички цели отколку лицата кои се во работен однос. Ако се земе во предвид дека голем број од овие вонннаставни и вонучилишни активности се спортско анимативни, тогаш јасна е поврзаноста помеѓу спортскиот начин на користење на слободното време со изборот на видот на активноста. Во овој контекст говори сознанието на Остојиќ и соработниците (Ostojič, Plavša i Vujko, 2014) за врската која е статистички значајна и позитивна на спортот и рекреативните активности со училишниот успех и туристичките патувања. Во овој контекст се надополнуваат и заклучните констатации на фреквенцијата на патување со спортскиот ангажман во секојдневието (Ostojič, Plavša i Radakovič, 2016). Имено,авторите нагласуваат дека учениците спортисти и рекреативци почесто патуваат од неспортистите. Важно е да се напомене дека својот статус на турист, голем број од учениците и студентите го добиваат преку формите на вон наставно, а посебно вонучилишно организирање.

Ваквите форми се препознаени и во македонскиот туристички систем преку нивно детектирање како примарен производ на спортскиот туризам (Подстратегија за развој на спортскиот туризам во Р. Македонија, 2014). Оттаму утврдувањето на структурата на слободното време на учениците, партиципацијата на спортско – анимативните содржини во истото, канализирање и насочување на вредностите на таквите активностите на слободното време, заедно со улогата на образовниот систем во неговото организирање преку туристичките форми, може да влијае врз сестран развој на младата личност. Од друга страна, низ призмата на општетсвено – економските дејности се очекува развој на спортот и туризмот.

## 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

На примерок од 90 испитаници – ученици од од сите 4 училишни години од средното гимназиско образование „Гоце Делчев“ во Куманово со различни социодемографски карактеристики поместени во табеларниот приказ (**табела 1**) дистрибуиран е прашалник од мешан тип. Истите редовно ја следат наставата по спорт и спортски активности и со различен афинитет се вклучуваат во вонннаставните и вонучилишните активности. Примерокот е стратификуван, еден клас по година, и истите имаат категорија на туристи преку ангажман во училишните активности од таква природа.

**Целта на истражувањето** е да се утврди партиципацијата на спортско анимативните содржини во слободното време на ученикот – турист. Како дополнителна цел се наметнува утврдување на содржината на слободното време, како и ангажманот во вонннаставните активности како форма на организација на слободното време.

За да се утврди вака поставена цел се реалиизраа **следниве задачи**:

- да се утврди фреквенцијата на спортската активност, видот на спортската активност, интенцијата за понатамошна вклученост во спортските активности, фреквенцијата на членство во формални организации, начин на информирање за активностите;
- да се утври хомогеноста на варијаблите - активности на слободното време ;
- да се утврди хомогеноста на варијаблите на вонннаставните активности

Врз основа на вака дефинираните предмет, цел и задачи се екстрахираа **следниве хипотези дефинирани како очекувани:**

**Х1:** Се очекува интензивна фреквенција на спортска активност со доминантна партиципација игрите со топка кај испитаниците од машки пол, односно аеробик и фитнес кај испитаниците од женски пол

**Х2:** Се очекува вклученост на учениците во различни формални организации со електронските медиуми како главен информатор за активностите

**Х3:** Се очекува висок степен на хомогеност кај сите применети варијабли на активностите на слободното време што манифестира сличен стил на слободно време кај учениците

За обработката на податоците користени се следниве статистички методи: фреквенции, основни мерки на централна тенденција и дисперзија (аритметичка средина, стандардна девијација, коефициент на варијабилност, скјунис, куртозис).

## 3. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Врз основа на обработените податоци на социодемографската структура**,** видлива е хетерогената структура на учениците по во секоја категорија. Припадничките на женскиот пол се позастапени, учениците се рамномерно распоредени по училишни години (земени се во предвид целосно потполнетите анкетни прашалници), со семјство каде родителите се со доминантно средно и високо образование и месечни примања во најголем процент просечни по извештаите на ДЗС (Државен завод за статистика). Неделната физичка активност ја приклучивме кон карактеристики од причина што таа е важна за предметот на ова истражување и репрезентативноста на примерокот. Имајки во предвид дека 73 % од нив ја практикуваат физичката активност на ниво на рекреативна укажува дека учениците средношколци се свесни и го следат трендот на високоразвиените општества по однос на ова прашање. Тоа може да се дефинира како интензивна вклученост во физички активности кај ваквата популација. Најголем дел од нив имаат дневно просечно слободно време од 3 до 4 часа, па и повеќе од 4 часа

Видот или типот на активност во сите четири години се систематизира на оние кои генерално се најдостапни во општината и поголемиот дел се индивидуални (**табела 1**). Од спортските игри застапен е фудбалот и кошарката.

**Табела 1. Тип на физичка активност и причина за практикување**

| | |
|---|---|
| **Тип на физичка активност** | Фитнес, аеробик, велосипедизам, танц, трчање, пешачење, тенис, боречки вештини, фудбал, кошарка |
| **Причина за практикување** | Позитивни здравствени ефекти, редукција на телесна маса, психичка релаксација, учење на нови вештини |

Причините за вклученост во физички активности наведени помеѓу испитаниците може да се систематизираат во 4 фактори: позитивни здравствени ефекти како најчест, редукција на телесна маса, писхичка релаксасија и учење на нови вештини.

**Графикон 1. Практикување на физичка активност во иднина кај учениците средношколци**




Детализирана анализа по години по однос на ставот за понатамошно практикување на физички активности (**графикон 1**), укажува дека процентот на понатамошна вклученост е поголем од актуелниот. Единствено кај испитаниците од прва година имаме ист статус. Порастот на процентот кај сите останати години од 86,4% во втора година, 78,3% во трета и 75% кај учениците во четврта година укажува дека во спортско – анимативните активности ќе се вклучат и оние кои досега не биле вклучени. Тоа пак значи дека спортската свест расне кај оваа популација и дека процентите одат во прилог кон партиципација речиси на сите, освен оние кои објективно се спречени.

Своето слободно време учениците го градат на најразличен начин и своите интереси можат да ги реализираат преку организирана форма на вклученост во определени дејности преку организации надлежни за работа во соодветна дејност. Во насока на утврдувања на ваквата општетсвена партиципација на средношколците независно од типот на организација и видот на дејност во која е таа вклучена (спортска, културна, политичка) беше утврдена фркевенцијата на вклученост или не и причината за таквата одлука (**графикон 2, 3 и 4).**

**Графикон 2. Членство во организација или група на учениците средношколци**




Од **графикон 2,** може да се види дека речиси подеднаков е соодносот на средношколците по години за нивната активност на ова поле. Впрочем речиси секој 4 е член на некоја организација што вели дека е е мал интересот на вклученост на средношколците кон ваков тип на организирање.

На испитаниците кои се вклучиле во било какво формално организирање како причини за истото ги наведуваат следните (**графикон 3**): остварување на лични интереси и развивање на нови вештини со највисок процент и единствен (100%) кај учениците од четврта година, доминантен е кај учениците од втора година со 83.3%, подеднакво застапен со 50% кај учениците од трета и 33.3 % повторно подеднакво водечки кај учениците од прва година.

**Графикон 3. Причини за членство во организацијата**




Желба за нови познанства е втора причина по доминантност кај останатите три години додека причините како вишок слободно време и желба да се променат работите се јавуваат кај учениците од прва година. Генарална констатција е дека оној мал процент на ученици кои се вклучиле, сопственото надградување и промоција им е најголем мотив.

**Графикон 4. Причини поради кои не членуваат во организација**




Високиот процент на отсуство на партиципарање (**графикон 4**) во организации е поврзано доминантно со незаинтересираност и немање слободно време кај учениците и тоа во сите четири години. Незаинтеерсираноста е водечка причина кај сите години освен третата година ученици, каде немањето време е примарната причина. Останатите две алтернативи на непостоењена организација и некомпетентност на лицето која ја води е незначителна и се јавува учениците во прва втора и трета година, додека учениците од четврта година ги исклучуваат како можен причинител за отсуството во членувањето во организација.

Социјалните медиуми и интернетот се број еден информатори за активностите во секојдневието на младите и нивното сеприсуство во современеото живеење го докажуваат резултатите

од прашањето за начинот на информирање за активности кои потенцијално можат да го исполнуваат нивното слободно време.

**Графикон 5. Начини на информација за можностите за слободни активности**




На **графиконот 5,** се презентирани фреквенциите на тестираните варијабли како информатори и кај сите без исклучок водечка форма на информирањет се интернетот и социјалните медиуми па потоа пријателите. Меѓутоа кај учениците од втора и четврта година тоа се толку доминантен информатор со 72.7% односно 70% што се поставува прашањето за социјална интеракција и комуникација меѓу учениците. Надлежни институции и младинските организација ја исклучуваат можноста за непосредна комуникација и информација и истите ги користат повторно социјалните медиуми како простор за пренос на информации организирани од нивна страна.

Воннаставните спортски активности кои училиштето има можност да ги организира и ги организира, покажуваат хетерогеност во вклученоста на учениците во истите (табела 2) кога станува збор за коефициентот на варијабилност кој што кај сите варијабли е поголем од 30 % . Останатите мерки од дескриптивната анализа пак укажуваат на концентрација околу аритметичката средина на резултатите кај сите воннаставни активности, па доколку се погледне вредноста на аритметичката средина и нејзиното значење наодот индицира дека треба поголем ангажман на наставниот кадар за организација на спортски активности и мотивација на учениците за нивна партиципација. И скјунисот е во рамките на вредноста +/- 1 па концентрацијата на поголемиот број на резултатите е во просечноста, односно постоење на активноста но не и партиципација. Најголем интерес учениците покажуваат кон фитнесот како вон наставна активност.

Со инспекција на **табела 3,** на која се прикажани основните дескриптивни статистички параметри на варијаблите на дестинациската конкурентност се забележува разлика во варијабилитетот кај резултатите на поединечните показатели и нивна различна дистрибуција. Разликите кои се јавуваат од една до друга мерка на централна тенденција и диперзија, укажува меѓудругото на нивната различна осетливост. Анализата на стандардната девијација (Sd) посочува исклучителна концентрација околу аритметичката средина кај резултатите на речиси сите варијабли, што асоцира на сличен модел на однесување во слободното време на учениците. Контрадикторна ситуација се јавува по однос на коефициентот на варијабилност (KV%), каде по критериумот помало односно поголемо од 30 %, хомогеност во групата се јавува кај 5 варијабли и тоа: слушање музика, одам на забави, одам во кафулиња, одам на патување и се дружам со пријателите. Водејќи се по вредноста на аритметичката средина како честота на практикување на истите може да ги детектираме како најфреквентна активност во слободното време на средношколците. Останатите се хетерогени, при што активности од најмал интерес кај средношколците се читање весници (X = 1.25) и ангажирање во политички активности ( X = 1.26). Дистрибутивноста како фактор за понатамошни мултиваријатни статистички обработки покажува нормалност на дистрибуцијата кај поголемиот дел од варијаблите (K-S). Мерките на скјунисот (Sk +/- 1) го потврдува претходно кажаното, дека поголемиот број на варијабли се нормално дистрибуирани или умерено асиметрични. Асиметричност со негативен предзнак покажуваат варијаблите дружење со пријателите (Sk = -1.97), одам по кафулиња (Sk = -1.48) и слушање музика ( Sk = - 2.51), што значи дека поголемиот дел од резултатите по наведените варијабли се во зона на натпросечни резултати односно средношколците почесто ги практикуваат наведените активности. Истите сознанија ги потврдуваат и показателите на куртозисот (Kurt).

**Табела 2. Основни дескриптивни параметри на варијаблите – воннаставни спортски активности кај учениците средношколци од сите четири години**

| Варијабли | X | Min | Max | Sd | KV% | Sk | Kurt | p - level |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планинарење** | 1.67 | 1.00 | 3.00 | 0.65 | 39.02 | 0.45 | -0.69 | p > .20 |
| **Пливање** | 1.66 | 1.00 | 3.00 | 0.58 | 35.05 | 0.21 | -0.64 | p > .20 |
| **Тенис** | 1.70 | 1.00 | 3.00 | 0.71 | 42.06 | 0.52 | -0.89 | p < .20 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Пинг – понг** | 1.69 | 1.00 | 3.00 | 0.61 | 36.44 | 0.31 | -0.62 | p < .05 |
| **Фитнес** | 1.81 | 1.00 | 3.00 | 0.74 | 40.72 | 0.32 | -1.09 | p > .20 |

**Табела 3. Основни дескриптивни параметри на варијаблите – активности на слободното време кај учениците средношколци од сите четири години**

| Варијабли | X | Min | Max | Sd | KV% | Sk | Kurt | p - level |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Посета на спортски приредби** | 2.01 | 1.00 | 3.00 | 0.80 | 40.28 | -0.02 | -1.45 | p > .20 |
| **Посета на дискотеки** | 2.13 | 1.00 | 3.00 | 0.74 | 34.99 | -0.22 | -1.14 | p > .20 |
| **Слушање на музика** | 2.80 | 1.00 | 3.00 | 0.50 | 18.18 | -2.51 | 5.56 | p < .20 |
| **Одам на концерти** | 1.92 | 1.00 | 3.00 | 0.73 | 38.08 | 0.12 | -1.07 | p > .20 |
| **Одам во театар** | 1.63 | 1.00 | 3.00 | 0.66 | 41.01 | 0.58 | -0.65 | p > .20 |
| **Одам во кино** | 1.44 | 1.00 | 3.00 | 0.60 | 42.14 | 1.04 | 0.10 | p < .01 |
| **Одам на забави** | 2.51 | 1.00 | 3.00 | 0.61 | 24.36 | -0.81 | -0.31 | p < .15 |
| **Посетувам кафулиња** | 2.69 | 1.00 | 3.00 | 0.54 | 20.10 | -1.48 | 1.30 | p > .20 |
| **Гледам телевизија** | 2.21 | 1.00 | 3.00 | 0.70 | 31.80 | -0.32 | -0.90 | p > .20 |
| **Читам книги** | 1.91 | 1.00 | 3.00 | 0.73 | 38.64 | 0.14 | -1.11 | p > .20 |
| **Учествувам во спортско обложување** | 1.49 | 1.00 | 3.00 | 0.74 | 49.83 | 1.14 | -0.21 | p > .20 |
| **Одам на патување** | 2.33 | 1.00 | 3.00 | 0.65 | 28.31 | -0.45 | -0.69 | p < .05 |
| **Посетувам јавни трибини** | 1.40 | 1.00 | 3.00 | 0.60 | 42.83 | 1.20 | 0.44 | p < .01 |
| **Посетувам ликовни изложби** | 1.42 | 1.00 | 3.00 | 0.64 | 45.21 | 1.27 | 0.50 | p > .20 |
| **Спијам или се излежувам** | 2.35 | 1.00 | 3.00 | 0.71 | 30.42 | -0.62 | -0.79 | p > .20 |
| **Активно се занимавам со спорт** | 2.16 | 1.00 | 3.00 | 0.81 | 37.83 | -0.30 | -1.41 | p < .20 |
| **Се дружам со пријателите** | 2.72 | 1.00 | 3.00 | 0.58 | 21.65 | -1.97 | 2.80 | p > .20 |
| **Читам весници** | 1.25 | 1.00 | 3.00 | 0.53 | 42.63 | 2.08 | 3.53 | p > .20 |
| **Одам во црква** | 1.58 | 1.00 | 3.00 | 0.62 | 39.28 | 0.56 | -0.58 | p < .01 |
| **Играм компјутерски игри** | 1.78 | 1.00 | 3.00 | 0.70 | 39.87 | 0.35 | -0.92 | p < .15 |
| **Поминувам време на интернет /ФБ** | 2.47 | 1.00 | 3.00 | 0.71 | 28.89 | -0.98 | -0.35 | p > .20 |
| **Ангажирање бо политички активности** | 1.26 | 1.00 | 3.00 | 0.57 | 45.94 | 2.14 | 3.46 | p > .20 |
| **Активности за добротворни цели** | 1.48 | 1.00 | 3.00 | 0.59 | 39.78 | 0.76 | -0.38 | p<. 05 |

## 4. ЗАКЛУЧОК

Стереотипот на однесување на учениците во поглед на начинот на користење на слободното време не се разликува многу од нивните врсници во опкружувањето и пошироко. Некинезиолошките активности во поглед на честотата на практикување се позастапени во однос на кинезиолошките, иако податокот за фреквенција на праткикување на физичка активност и интенцијата на негова понатамошна вклученост говори дека истите имаат тренд да прераснат во значаен стил на однесување во секојдневието. Од друга

страна, таков тренд се регистрира и во туристичките патувања, а како што претходните сознанија на прегледот на литература говорат, извесно е дека таквите можат да прераснат во спортско – туристички. Дали тоа ќе се реализира преку вонннаставните содржини ќе зависи од улогата на наставниот кадар како генератор во организацијата на слободното време кај оваа структура на испитаници. Она што како главен конклузивен наод може да се канализира е дека образовните институции преку својот ангажман, посебно професорите по спорт и спортски активности имаат клучна улога во партиципацијта на спортско- анимативните содржини кај ученикот турист, преку едукативно – апликативни содржини интервенирајќи на тој начин и во создавањето на производи во доменот на спортскиот туризам кои се веќе детектирани како примарен потенцијал за негов развој на територијата на Република Македонија.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Badrić, Marko; Prskalo, Ivan (2011). Razlike u strukturi slobodnog vremena između učenika i učenica osnovne škole. Sportska rekreacija u funkciji unapređenja zdravlja. Osijek: Kineziološki fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Udruga kineziologa Grada Osijeka,. str. 75-80

[2] Badrić, Marko; Prskalo, Ivan; Matijević, Milan (2015). Aktivnosti u slobodnom vremenu učenika osnovne škole. Croatian Journal of Education, 17/2 , str. 299-331.

[3] Beroš, I (2017). Struktura slobodnoga vremena studenata pedagogije na Fakultetu prirodoslovno-matematičkih i odgojnih znanosti sveučilišta u Mostaru. Fakultet prirodoslovno-matematičkih i odgojnih znanosti, Odsjek za pedagogiju, Sveučilište u Mostaru,. http://www.usfm.hr/beros-struktura-slobodnoga-vremena-studenata-pedagogije-na-fakultetu-prirodoslovno-matematickih-i-odgojnih-znanosti-sveucilista-u-mostaru/

[4] Bichescua, A (2014). Leisure Time Sport Activities of the Students at Resita University. Procedia - Social and Behavioral Sciences 117, p. 735 – 740. The Authors. Published by Elsevier Ltd. Open access under CC BY-NC-ND license. Selection and peer-review under responsibility of ICPESK 2013. doi: 10.1016/j.sbspro.2014.02.291

[5] Jegič, S. (2005) Turizam i slobodno vrijeme: mogučnosti i načini provodjenja. PEDAGOGIJSKA istraživanja, 2 (1), str. 101 — 111. Pregledni članak. Primljen 18. 12. 2004, UDK 338.48:316.728

[6] Hurd, A., Anderson, D (2011). The Park and Recreation Professional's Handbook. Human Kinetics, Book with online resource, 312 pages, ISBN-13: 9780736082594

[7] Kermeci, S (2011). Angažovanost u rekreaciji učenika osnovnih škola Sečanj. Magistarski rad. Fakultet sporta I fizičkog vaspitanja, Univerzitet u Beogradu,

[8] Maksić, S., Tenjović, L. (2008), Povezanost interesovanja i verbalna fluentnost kod učenika osnovne škole, Psihologija, Vol. 41, No. 3, pp. 311-325.

[9] Mlinarevič, V. (2004). Stilovi slobodnog vremena srednjoškolaca Slavonije i Baranje. Pedagogijska istraživanja, Vol.1 No.2, p. 241 - 256

[10] Milnarevič, V., Gajger, V (2010). Slobodno vrijeme mladih - prostor kreativnog djelovanja. Međunarodna kolonija mladih Ernestinovo : 2003.-2008. : Zbornik radova znanstvenog skupa s međunarodnim sudjelovanjem / Martinčić, Julijo ; Hackenberger, Dubravka (ur.). - Osijek : HAZU, Zavod za znanstveni i umjetnički rad , str. 43-58 (ISBN: 978-953-154-921-9).

[11] Orbanič – Vidulin, S (2008). Fenomen slobodnog vremena u postmodernom društvu. Metodički obzori 3/2, str. 19 – 33. Pregledni rad Review Article UDK: 379.8 Primljeno: 24. 5. 2008.

[12] Ostojič, N. Plavša, J., Vujko, A (2014). Students' attitude and effects of sport and recreational tourism on success in schools. GeoJournal of Tourism and Geosites, Year II, no.2, vol. 14, p. 143 – 150. ISSN 2065-0817, E-ISSN 2065-1198

[13] Ostojič, N. Plavša, J., Radakovič, M (2016). A Student's Attitude towards Sports and Recreational Tourism at the School. Research Journal of Educational Studies and Review Vol. 2 (4), pp. 43-49, ISSN: 2449-1837 Full Length Research Paper http://pearlresearchjournals.org/journals/rjesr/index.html

[14] Pomohaci, M., Sopa, I (2016). The importance of socialization through sport in students group integration. Social-Behavioural Sciences, p. 151 – 160. http://www.armyacademy.ro/reviste/rev2_2016/Pomohaci.pdf

[15] Previšić, V(2000). Slobodno vrijeme između pedagogijske teorije i odgojne prakse. Napredak, 141 (4), 403–410

[16] Tatar, N (2014). Fizičke aktivnosti u slobodnom vremenu mladih Crne Gore (doktorska disertacija). Fakultet za sport I turizam. Edukons Univerzitet, Novi Sad.